Друштво за издавање и маркетинг
ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ
Бр. 0307-229/1
06.12.2023 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги
КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО
Бр. 03-0307/871
07.12.2023 год.
Скопје

Архивски број: 03-13486/1
Датум: 05-12-2023

ДРУШТВО ЗА ИЗДАВАЊЕ И МАРКЕТИНГ
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО
Бр. 0307/620
11.12.2023 год.
СКОПЈЕ

# РАМКОВНА СПОГОДБА
**за јавна набавка на услуга - објавување на огласи во печатени медиуми**

**Склучена помеѓу:**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр. 12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии (во натамошниот текст: **договорен орган), од** една страна и

**1.** Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „Мито Хаџивасилев Јасмин", бб, во Скопје, претставувано од Валентина Кочовска и Игор Панајотов, управители, (во натамошниот текст: **носител на набавката),** од друга страна;

**2.** Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Кеј 13-ти Ноември", ГТЦ 2 кат, локал 12, Д.Е.235, во Скопје, претставувано од Мирослав Јовановиќ, управител, (во натамошниот текст: **носител на набавката),** од друга страна; и

**3.** Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, со седиште на Бул. „Гоце Делчев", бр.11, ТЦ Мавровка лок.14-мезанин, во Скопје, претставувано од Лирим Дулови, управител, (во натамошниот текст: **носител на набавката),** од друга страна.

## I.ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**Член 1**

Оваа рамковна спогодба се склучува по спроведена поедноставена отворена постапка за јавна набавка по оглас бр.17795/2023, а во согласност со прифатените понуди на носителите на набавката.


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup | +389 2 3255 631 www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-15 издание 4

Предмет на оваа рамковна спогодба е регулирање на правата и обврските помеѓу страните, а заради извршување на услугата - објавување на огласи во печатени медиуми.

Услугата предмет на овој договор ќе се извршува сукцесивно според потребите на договорниот орган во период од 2 (две) години, сметано од 24.12.2023 година.

Објавите од став 2 на овој член ќе се вршат во форма на огласи, соопштенија, известувања, јавни објави и повици и сл.

Составен дел на оваа Рамковна спогодба се техничките спецификации од тендерската документација.

**Член 2**

Огласите да се објавуваат од седма до десетта страница од весникот, во црно бела техника според барањето на договорниот орган и на простор што е дефиниран во писмената нарачка или поединечниот договор и тоа на:

1/1 (цела) страница
1/2 (пола) страница
1/4 (четврт) страница
1 цм2 (еден сантиметар квадратен) на страница и
во колор техника на 1/4 (четврт) страница.

## II.ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**Член 3**

Вкупната максимална вредност на рамковната спогодба согласно со предвидените средства на договорниот орган изнесува 2.000.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Договорниот орган нема обврска да го реализира целиот износ од став 1 на овој член.

Единечните цени за објава на огласите во дневниот весник Вечер зависат од просторот на кој треба да се објават и истите се дадени во следната листа на цени:

| Опис на услугата | Единечна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| Објава на оглас на 1/1 (цела) страна, во црно бела техника | 15.000,00 | 2.700,00 | 17.700,00 |
| Објава на оглас на ½ (пола) страна, во црно бела техника | 9.000,00 | 1.620,00 | 10.620,00 |


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 631
www.finance.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во црно бела техника | 6.500,00 | 1.170,00 | 7.670,00 |
| Објава на простор од 1 цм2 (еден сантиметар квадратен) на страна, во црно бела техника | 49,00 | 9,00 | 58,00 |
| Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во колор техника | 8.000,00 | 1.440,00 | 9.440,00 |

Единечните цени за објава на огласите во дневниот весник Слободен печат зависат од просторот на кој треба да се објават и истите се дадени во следната листа на цени:

| Опис на услугата | Единечна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| Објава на оглас на 1/1 (цела) страна, во црно бела техника | 16.000,00 | 2.880,00 | 18.880,00 |
| Објава на оглас на ½ (пола) страна, во црно бела техника | 7.200,00 | 1.296,00 | 8.496,00 |
| Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во црно бела техника | 4.000,00 | 720,00 | 4.720,00 |
| Објава на простор од 1 цм2 (еден сантиметар квадратен) на страна, во црно бела техника | 50,00 | 9,00 | 59,00 |
| Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во колор техника | 6.000,00 | 1.080,00 | 7.080,00 |

Единечните цени за објава на огласите во дневниот весник Коха зависат од просторот на кој треба да се објават и истите се дадени во следната листа на цени:

| Опис на услугата | Единечна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| Објава на оглас на 1/1 (цела) страна, во црно бела техника | 27.765,00 | 4.998,00 | 32.763,00 |
| Објава на оглас на ½ (пола) страна, во црно бела техника | 15.548,00 | 2.799,00 | 18.347,00 |
| Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во црно бела техника | 9.995,00 | 1.799,00 | 11.794,00 |


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 631
www.finance.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Објава на простор од 1 цм2 (еден сантиметар квадратен) на страна, во црно бела техника | 49,00 | 9,00 | 58,00 |
| Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во колор техника | 11.106,00 | 1.999,00 | 13.105,00 |

На единечните цени ќе се пресметува данок на додадена вредност по пропишана стапка согласно со закон.

Договорниот орган ќе даде предност на носителите на набавката кои понудиле најниска цена за ставката/позицијата која што му е потребна на договорниот орган во конкретното барање, согласно со следново рангирање:

Рангирање за: Објава на оглас на 1/1 (цела) страна, во црно бела техника, на македонски јазик

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | 15.000,00 | 1 |
| Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | 16.000,00 | 2 |

Рангирање за: Објава на оглас на 1/1 (цела) страна, во црно бела техника, на албански јазик

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | 27.765,00 | 1 |

Рангирање за: Објава на оглас на ½ (пола) страна, во црно бела техника, на македонски јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН | 7.200,00 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| ПЕЧАТ ДОО Скопје | | |
| Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | 9.000,00 | 2 |

Рангирање за: Објава на оглас на ½ (пола) страна, во црно бела техника, на албански јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | 15.548,00 | 1 |

Рангирање за: Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во црно бела техника, на македонски јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | 4.000,00 | 1 |
| Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | 6.500,00 | 2 |

Рангирање за: Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во црно бела техника, на албански јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | 9.995,00 | 1 |

Рангирање за: Објава на простор од 1 цм2 (еден сантиметар квадратен) на страна, во црно бела техника, на македонски јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | 49,00 | 1 |
| Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | 50,00 | 2 |

Рангирање за: Објава на простор од 1 цм2 (еден сантиметар квадратен) на страна, во црно бела техника, на албански јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | 49,00 | 1 |

Рангирање за: Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во колор техника, на македонски јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | 6.000,00 | 1 |
| Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | 8.000,00 | 2 |

Рангирање за: Објава на оглас на ¼ (четврт) страна, во колор техника, на албански јазик:

| Страна на рамковна спогодба | Единечна цена без ДДВ | Ранг |
|---|---|---|
| Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | 11.106,00 | 1 |

**Член 4**

Цените од член 3 се крајни, фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАМКОВНА СПОГОДБА

**Член 5**

Оваа рамковна спогодба се склучува за период од 2 (две) години, сметано од 24.12.2023 година или до целосно искористување на максималната вредност од член 3 став 1 од оваа спогодба, во зависност од тоа кој услов прв ќе се исполни.

## IV.НАЧИН И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

Носителите на набавката се должни предметот на договорот да го извршуваат во согласност со потребите на договорниот орган, на следниот начин:

- барањето за објавување на оглас да се потврди по е-маил со означување на денот кога ќе се објави огласот во дневниот весник;
- за секое барање, ќе се склучи поединечен договор или ќе се достави писмена нарачка врз основа на ставките/позициите во техничките спецификации;
- при склучување на поединечните договори или нарачки, договорниот орган ќе го следи принципот да даде предност на носителите на набавката кои понудиле најниска цена за ставката/позицијата која што му е потребна на договорниот орган во конкретното барање;
- носителот на набавката е должен да достави примерок од бројот на весникот каде е извршена објавата на оглас, соопштенија и други објави, врз основа на поединечниот договор или нарачка на договорниот орган;
- носителот/ите на набавката е/се должен/и да го објави огласот, предмет на договорот, по динамика договорена од двете страни во зависност од конкретната нарачка, но најмногу во рок од 2 дена од денот на доставување на барањето од договорниот орган.

**Член 7**

Услугата што е предмет на овој договор ќе се извршува сукцесивно, според потребите на договорниот орган, а по претходно доставени поединечни договори/ писмени нарачки од негова страна.

Поединечните договори или нарачки ќе се доделуваат без повторно прибирање на понуди со носителите на набавката со кои е склучена рамковната спогодба во зависност од потребата на договорниот орган, а следејќи го принципот договорниот орган да даде предност на носителите на набавката кои понудиле најниска цена за ставката/позицијата која му е потребна на договорниот орган во конкретното барање, односно нарачка.

Поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба се склучува во писмена форма, а ефект на договор може да има и нарачка, доколку ги има сите суштествени состојки на договорот.

Поединечниот договор или писмена нарачка особено треба да содржи: барање за објавување на огласот со наведување на името на весникот, технички барања поврзани со самата објава на огласот и податок за бројот на објавите, односно за деновите во кои треба да биде објавен огласот, како и податоци за лицето кое од страна на договорниот орган ќе биде задолжено за реализацијата на нарачаната услуга, а во прилог на нарачката го доставува материјалот кој треба да се објави, односно содржината на огласот, како и утврдениот начин на плаќање од страна на договорниот орган.

Поединечните договори/писмени нарачки договорниот орган ги доставува до носителот на набавката по редовна пошта или во скенирана форма преку електронска пошта.

Поединечните договори/нарачки за јавни набавки ќе се склучат пред истекот на рокот на рамковната спогодба.

## V.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 8

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ги обезбеди сите информации, неопходни податоци и непречен пристап во врска со предметот на рамковната спогодба, за време на извршување на услугите.

Договорниот орган е должен да го врши плаќањето на начин согласно со член 10 од оваа рамковна спогодба.

### Член 9

Носителите на набавката се обврзуваат да ги почитуваат барањата на договорниот орган во врска со објавувањето на огласите во однос на условите утврдени во тендерската документација.

## VI.НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 10

Плаќањето ќе се врши по секоја извршена услуга врз основа на поединечен договор или писмена нарачка на договорниот орган.

За секоја извршена услуга носителот на набавката доставува фактура кон која задолжително треба да биде приложен објавениот оглас, а во самата фактура да се наведе архивскиот број на нарачката и податок во кои денови е објавен огласот.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето за извршената услуга во рок од 30 календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

Доколку фактурата не ги содржи сите потребни податоци и во прилог не се доставени бараните документи, таа ќе биде вратена на дооформување или докомплетирање.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА

### Член 11

Договорната казна се определува во висина на 1% од вредноста на неизвршената услуга за секои три дена доцнење, но не повеќе од 5% од вредноста на неизвршената услуга.

Ако штетата што ја претрпел договорниот орган е поголема од износот на договорната казна, тој има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.

Договорниот орган не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

## VIII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 12

Оваа рамковна спогода може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

**Член 13**

Оваа рамковна спогода може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски ја раскинува рамковната спогодба, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Рамковната спогодба се смета за раскината со денот на приемот на известувањето за раскинување на рамковната спогодба.

Доколку дојде до раскинување на рамковната спогодба поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на рамковната спогодба од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

**Член 14**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да ја раскине рамковната спогодба, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 15**

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## IX. ВИША СИЛА

**Член 16**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од рамковната спогодба.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од оваа рамковна спогодба мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на рамковната спогодба, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила рамковната спогодба продолжува да се реализира.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Изменувања и дополнувања на рамковната спогодба можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на рамковната спогодба е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Рамковната спогодба може да се изменува и дополнува со анекс на рамковната спогодба потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 18

За сé што не е предвидено со оваа рамковна спогодба, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 19

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 20

Обработката на личните податоци при реализацијата на оваа рамковна спогодба да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

**Член 21**

Оваа рамковна спогодба е составена во 8 (осум) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

**ПОТПИСНИЦИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА:**

**ДОГОВОРЕН ОРГАН:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Dr. Fatmir Besimi
МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

**НОСИТЕЛИ НА НАБАВКАТА:**

Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје

Валентина Кочовска
Управител

Игор Панајотов
Управител

ДРУШТВО ЗА ИЗДАВАЊЕ И МАРКЕТИНГ СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО СКОПЈЕ

Мирослав Јовановиќ
Управител

ДРУШТВО ЗА НОВИНСКО ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО СКОПЈЕ

Лирим Дулови
Управител

Изработил: Мариа Анѓелеска
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог 1 кон рамковната спогодба за објавување на огласи во печатени медиуми

## Технички спецификации

Предмет на договорот е јавна набавка на услуга – објавување на огласи во печатени медиуми за потребите на Министерството за финансии и тоа: огласи, соопштенија, јавни објави и повици и сл. од надлежност на Министерството за финансии.

Договорниот орган има потреба од објава во дневни весници кои излегуваат на целата територија на Република Северна Македонија на македонски јазик и весници на албански јазик кои излегуваат во минимум три градови во Република Северна Македонија.

**Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го извршува на следниот начин:**

- објавување на огласи, соопштенија и други објави во дневниот печат, според потребите на Министерството за финансии по претходно доставување на барање за објава;
- барањето за објавување на оглас да се потврди по е-маил со означување на денот кога ќе се објави огласот во дневниот весник;
- за секое барање, ќе се склучи поединечен договор или нарачка врз основа на ставките/позиции во техничките спецификации;
- при склучување на поединечните договори или нарачки, договорниот орган ќе го следи принципот да даде предност на носителите на набавката кои понудиле најниска цена за ставката / позицијата која што му е потребна на договорниот орган во конкретното барање. Имено, доколку согласно закон договорниот орган има обврска да објави одреден оглас во најмалку два дневни весници на македонски јазик и во еден на албански јазик, поединечните договори/нарачки ќе се склучуваат со најповолните први два економски оператори со кои е склучена рамковната спогодба за објава на оглас на македонски јазик, односно првиот најповолен економски оператор за објава на оглас на албански јазик по однос на конретната позиција / ставка согласно техничката спецификација.
- доставување на примерок од бројот од весникот на договорниот орган каде е извршена објавата на огласот, соопштение и сл.

Носителот на набавката е должен да го објави огласот, предмет на набавката, по динамика договорена од двете страни во зависност од конкретната нарачка, но максимум во рок од 2 дена од денот на доставување на барањето.

Договорниот орган сукцесивно, по потреба ќе ја користи услугата за предметната набавка.

Основни барања на договорниот орган поврзани со предметната набавка се следниве:

- огласите да се објавуваат од 7-ма до 10-та страница на весникот, во црно-бела техника на простор од:

1/1 (цела) страна
1/2 (пола) страна
1/4 (четврт) страна и
1 цм2 (еден сантиметар квадратен) на страна и
во колор техника на простор од:
1/4 (четврт) страна

- рокот за објавување на огласите во избраниот дневен весник да изнесува најмногу 2 (два) дена сметано од денот на доставување на нарачката и материјалот од страна на договорниот орган.

Интензитетот и распоредот на објавување не може однапред да се утврди/предвиди, туку зависи од конкретната потреба, содржината (темата) и актуелноста на активноста, опфатена со објавата.

Со цел обезбедување на максимална транспарентност и широка достапност до целните групи, договорниот орган има потреба за повремено објавување во повеќе печатени медиуми, за што е неопходно склучување на договори/нарачки со повеќе понудувачи, а врз основа на претходно склучена рамковна спогодба.